

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

### Коалиција „Сите за правично судење“


Ул. Македонија 11/2-10

Скопје, 1000

00 389 2 6139874

contact@all4fairtrials.org.mk


март, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 10.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице повикано од страна на застапникот на обвинението.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 03.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продоложи во фаза на доказна постапка со испитување на тројца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 16.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца обвинети кои се во изолација согласно препораките на надлежните институции поврзани со КОВИД-19 вирусот.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 05.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на шест сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 11.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани тројца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 13.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отуство на еден од обвинетите во постапката.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 10.03.2020 година, на рочиштето за главен претрес беа испитани тројца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 16.03.2020 година, на рочиштето за главен претрес беше испитан еден сведок предложен од страна на застапникот на обвинението.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 09.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 02.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 04.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

На 06.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 10.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа продолжија странките со давање на завршни зборови.

На 11.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа странките ги дадоа завршните зборови, со тоа главната расправа заврши. Судот закажа објава на пресуда на 31.03.2020 година.

На 31.03.2020 година, судот јавно ја објави пресудата по предметот. Судот ги огласи сите обвинети за виновни и изрече ефективна казна затвор за 11 обвинети лица и алтернативна мерка условна осуда за 10 обвинети лица.

**„ЕРАЗМУС“ КОК-115/16**

На 09.03.2020 година, беше јавно објавена пресудата. Судот донесе осудителна пресуда за 4 лица од кои: за првообвинетиот изрече ефективна казна затвор од 2 години, за второ и третообвинетиот изрече ефективна казна затвор од 2 години и 6 месеци, за четвртообвинетиот, условна осуда во траење од 2 години, додека пак за петтообвинетиот изрече ослободителна пресуда. За сите обвинети е изречена и казна- забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**„27ми април - организатори“ КОК-2/20**

На 09.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на странките во постапката.

**„ТАЛИР“ КОК-3/19**

На 02.03.2020 година, постапката започна од почеток поради промена на судечки совет. На ова рочиште беа дадени воведните говори од страна на странките во постапката.

**„ТНТ“ КОК-53/17**

На 06.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 12.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет кој е во самоизолација согласно препораките на надлежните институции поврзани со КОВИД-19 вирусот.

**„РЕКЕТ“ КОК-116/19**

На 03.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани тројца сведоци предложени од страна на одбраната.

На 04.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани двајца сведоци предложени од страна на одбраната.

На 06.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок и беа изведени дел од материјалните докази предложени од страна на одбраната.

На 12.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на првообвинетиот.

На 13.03.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на второобвинетата во постапката.

**„ИЗГРЕВ“ КОК-88/15**

На 04.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што вештачењето не беше изготвено, а е предложено од страна на одбраната.

**„ТИТАНИК 3“ КБР.1905/17**

На 03.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на одбраната.

На 16.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет кој е во самоизолација согласно препораките на надлежните институции поврзани со КОВИД-19 вирусот.

На 31.03.2020 година судот јавно ја објави пресудата по предметот. Судот ги огласи обвинетите за виновни и им изрече ефективна казна затвор во траење од 3 години и 6 месеци.

**„ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19**

На 05.03.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден вештак и беа изведени материјалните докази предложени од страна на јавното обвинителство.

**„ПИНО СЕКОНДО“ КБР.1878/19**

На 13.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

**„ТАМАРА“ КБР.930/18**

На 04.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител и еден од обвинетите.

На 12.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на одбраната.